Агенција за промоција и поддршка на туризмот на
Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 01-644/11
02.12 2021 год./viti
Скопје / Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.11/2015 и 35/2018), директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, донесе

## О Д Л У К А

за избор на административен службеник за унапредување во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

1. Кандидатот **Катерина Чајлакоски**, се избира за работно место УПР0101В02000 – Виш соработник за управување со проекти со органска храна и екотуризам, во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга – Сектор за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр.04/2021.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од точка 1 по конечноста на одлуката.

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Со Интерен оглас бр. 04/2021 за унапредување административен службеник објавен на веб страните на АППТ и Агренцијата за администрација на ден 17.11.2021 година беше огласена потребата од унапредување на 1 (еден) административен службеник. За работно место УПР0101В02000 Виш соработник за управување со проекти со органска храна и екотуризам, во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга – сектор за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи, при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

постапка согласно членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019 и 14/2020), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.11/2015 и 35/2018).

На горенаведениот Интерен оглас се пријави само еден кандидат и тоа Катерина Чајлакоски кој по спроведувањето на интервјуто од страна на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, е избран за унапредување.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот донесде одлука како во диспозитивот на оваа одлука

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на АППТ.

**Директор**
д-р. Љупчо Јаневски

Изработил:
Јасмина Лескаровска
ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот
- Архива на АППТ


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk